# ИЗВЕШТАЈ ОД СОБРАНИЕ НА СХТМ

Во согласност со Статутот на СХТМ на 21 април 2017 г. на Институтот за хемија при ПМФ во Скопје се одржа Собрание на Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија со следниов дневен ред:

1. Завршна сметка за 2016 г.
2. Програма за работа за 2017 г.
3. Измена на статутот на СХТМ.
4. Разно и информации.

Собранието го водеа проф. д-р Зоран Здравковски, претседател на СХТМ и проф. д-р Јадранка Блажевска Гилев, секретар на СХТМ. За записничар беше одредена Катарина Јосифовска, додека за оверувачи на записникот проф. д-р Марина Стефова и проф. д-р Јане Богданов. На седницата на Собранието беа присутни 32 членови од вкупно 57 членови на СХТМ.

1. Во однос на првата точка претседателот ја изложи финансиската состојба како што беше подготвена од сметководителот на СХТМ. Вкупните приходи во 2016 г. Изнесуваа 2 501 495 ден., додека расходите 1 974 892 ден. Се очекуваше од Организацијата за забрана на хемиското вооружување (OPCW) да се исплатат дополнителни 159 080 ден. како поддршка за одржувањето на XXIV конгрес на СХТМ, но и по повеќе интервенции тие не се исплатени. По мала дискусија, со гласање, завршната сметка беше едногласно прифатена. Исто така, беше прифатено да се избере нов сметководител на Сојузот.

2. Во однос на втората точка од дневниот ред претседателот го изложи планот за работа за 2017 г.:

А. Најважната активност на Сојузот по што е препознатлив и во светот, а со тоа е и од примарен национален интерес, е списанието *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering* и понатака ќе се објавуваат по два броја годишно. Од минатата година воведени се и DOI (digital object identifier) за секој труд со што и во овој поглед MJCCE продолжува да ги следи стандардите во електронското публикување.

Б. Втората голема активност на СХТМ се научните манифестации. Оваа година се планираат две и тоа: XII Студентски конгрес на СХТМ и East-West Chemistry Conference што ќе се одржи во Александар Палас, Скопје, по иницијатива и во соработка со Турското хемиско друштво. Оваа кај нас е прва, а следната се планира да биде во Украина. Договорено е котизацијата за членовите на СХТМ да биде повластена.

В. Следна голема активност на СХТМ се натпреварите по хемија. Според акредитацијата од МОН, предвидени се натпревари по хемија за средни школи (општински, регионални и државен) и натпревари по хемија за основно образование (општински, регионални и државен). Покрај тоа, како и во претходните две години, се планира Македонска хемиска олимпијада и учество на IChO 2017 (International Chemistry Olympiad).

Г. Планирани се семинари по хемија и тоа за наставници од средно образование и за наставници од основно образование.

Д. Како и секоја година ноември е месец на науката и оваа година редот е на СХТМ да биде главен организатор. Проф. д-р Марина Стефова укажа дека Сити Мол во Скопје не е најпогодно место за оваа манифестација и предложи таа да се одржи на Институтот за хемија.

Проф. д-р Гордана Богоева Гацева предложи да се следи примерот во регионот и да се размисли за формирање на мобилни хемиски лаборатории. Со тоа ќе им се овозможи на школите што немаат сопствени лаборатории да изведуваат експерименти со што ќе се зголеми интересот кај учениците за хемијата. Ако се обезбеди добро опремена мобилна лабораторија ќе се поттикне експериментирањето во нашата земја, што е суштинскиот дел од хемијата. За финансирање предложи да се конкурира во европски фондации и предложи самата со уште некој да преземе чекори за реализација на оваа идеја.

Проф. д-р Јане Богданов предложи да се адаптира американскиот тест (GRE-chemistry) за процена на студентите при упис на постдипломски студии по хемија за да се има увид во степенот на знаење на нашите студенти.

Со гласање програмата беше едногласно прифатена.

3. Во однос на третата точка за измена на статутот на СХТМ претседателот укажа на некои важни елементи кои се внесени во предлог Статутот што им беше пратен на сите членови пред одржување на седницата на Собранието. Во основа се извршени промени во сите членови на статутот затоа што стариот статут е направен некако на брзина, со многу јазични и други недостатоци заради некои законски рокови. Во новиот Статут некои членови се потполно избришани, а други се додадени, пред сѐ за да биде во согласност со Законот за здруженија. Претседателот исто така информираше дека новата верзија на Статутот беше разгледана на седница на Извршниот одбор и на Надзорниот одбор одржана на 29 март 2017 г. а исто беше дадена на правник со искуство во оваа област кој помогна во неговото финализирање. Внесено е англиското име, кратенка на англиски како и амблем на здружението кои и без тоа со години се користат. Од поважните елементи е уточнување и дефинирање на целите на Сојузот во однос на натпреварите, семинарите но и можност за вршење на консултативни услуги. Покрај тоа, се врши уточнување на секциите затоа што во стариот статут беа предвидени голем број секции што не функционираат со можност за формирање на нови ако се јави таква потреба. Во новиот Статут се предвидува за претседател да може да конкурира само лице со степен на образование доктор на науки. Во однос на MJCCE беше нагласено дека одлуки за списанието се носат во Извршниот одбор и може да гласаат само членови со степен на образование доктор на науки. Исто така, како многу важен елемент предвиден во новиот нацрт Статут е можноста за електронско гласање во ситуации кога треба да се носат брзи одлуки или во случај кога не може да има кворум. Во тој контекст подготвен е и Правилник за спроведување на гласање по електронски пат кој исто така беше даден на увид на членовите пред одржување на седницата на Собранието. Беше истакнато дека овој начин на гласање ќе се применува рестриктивно и со доволно време за одговор.

Проф. д-р Гордана Богоева Гацева ги приложи своите забелешки на неколку членови од Статутот кои беа во основа од технички карактер и беа прифатени и внесени во Статутот.

Сите членови со гласање едногласно ја прифатија измената на Статутот на СХТМ, а потоа едногласно го изгласаа и Правилникот за спроведување на гласање преку електронски пат.

4. Во четвртата точка претседателот информираше дека е набавен нов сервер за списанието, додека стариот е употребен како сервер за веб страната на Сојузот. Купен е и нов домен и сега тој е sctm.mk. Страната полека почнува да се гради иако веќе се ставени некои важни елементи. Проф. д-р Гордана Богоева Гацева предложи слично како кај други сојузи/друштва во регионот да се внесат кратки биографии на поранешни видни членови на Сојузот. Тоа беше поддржано и прифатено.

Беше информирано дека веќе е востановена Секција за терминологија и номенклатура која ја води Академикот Глигор Јовановски. Тој информираше дека веќе се собрани индексите од преводите на книгите од Владата на РМ и се прави споредба на термините. Апелираше колегите од Технолошко-металуршкиот факултет да допринесат во изработката на овој терминолошки речник со термини од областа на хемиското инженерство. Во работата на оваа Секција тој истакна дека ќе биде вклучен и јазичен експерт од МАНУ и дека целиот овој проект ќе биде заеднички меѓу СХТМ и МАНУ.

На крајот претседателот информираше дека во името на СХТМ е дадена поддршка на Руското хемиско друштво за прогласување на 2019 за Меѓународна година на периодниот систем од страна на УНЕСКО.

## ИЗВЕШТАЈ ОД НАТПРЕВАРИТЕ ПО ХЕМИЈА ЗА 2016/17 ГОДИНА

На 14 мај 2017 година на Институтот за хемија на Природно-математичкиот факултет се одржа државниот натпревар по хемија за учениците од основното и средното образование. Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија е акредитирано здружение од страна на Министерството за образование и наука на Македонија за овие натпревари кои беа организирани по втор пат за основно и четврт пат за средно образование.

По реализираните општински и регионални натпревари (на 18 март и 22 април 2017 год.), од вкупно пријавени 1387 ученици од основно и 372 ученици од средно образование, на државниот натпревар се пласираа 202 ученици од основното образование во 2 категории (VIII и IX одделение) и 67 ученици од средното образование во 4 категории (I, II, III и IV година).

За освоените прво место и први три награди учениците добија дипломи, нивните ментори пофалници, а останатите учесници на државниот натпревар добија пофалници и благодарници за учество. Имињата на наградените ученици и ментори во секоја категорија како и дополнителни информации може да се најдат на веб страницата на СХТМ (за основно: http://www.sctm.mk/natprevari-osnovno-2017-mk.htm, за средно: http://www.sctm.mk/natprevari-2017-mk.htm).